# IN MEMORIAM

## БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВ
## 1903—1982



На 22 ноември 1982 година престана да чука срцето на долгогодишниот просветен работник, познат и ценет историчар во Куманово, во СР Македонија и пошироко.

Благоја Георгиев е роден 1903 година во Крива Паланка. Основното образование го завршува во Крива Паланка, а средното — гимназија во Куманово. Како одличен ученик бил ослободен од палагање матура. Во учебната 1922/23 година по потреба на служба се вработува како учител во паланечкото село Радибуш, а потоа доаѓа на работа во Куманово и извесно време работи во шумарството. Тогаш се запишува вонредно да студира историја на Филозофскиот факултет во Скопје, додека завршен дипломски испит положил на Филозофскиот факултет во Белград.

Воениот рок го служел во Загреб заедно со другарот Кочо Поповиќ, со кој останал личен пријател и долго потоа.

Како професор по историја Георгиев започнува да работи во Србобран а потоа во Нов Врбас (денешен Титов Врбас), каде останува цели пет години до 1935 година. По укинувањето на гимназијата во Нов Врбас по потреба на служба го префрлуваат во Сомбор, каде што покрај него професор по историја е познатата Јулијана Врчинац. Во Сомбор го затекнува априлската војна од 1941 година а тој како резервен воен старешина меѓу првите е мобилизиран. По капитулацијата на стара Југославија, по случајни околности избегнал интернација во Германија.

По распарчувањето на Југославија доаѓа во Македонија од каде бил испратен во интернација во Бугарија близу Варна, во местото Ѓозиќе — останал година и пол.

По доаѓањето на новата Отечествено-фронтовска власт во Бугарија, како борец соработува со советските единици на Маршал Толбухин при нивното навлегување во Источна Срби-

ја. Тој во Горна Џумаја бил командант за врски меѓу единиците кои подоцна учествувале за ослободување на нашата земја.

По ослободувањето на родната Македонија Георгиев е назначен за директор на гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово. Извесно време по потреба бил преместен за професор во гимназијата во Тетово, каде што останал 4 години, потоа 2 години бил професор во Кавадарци и најпосле 1953 повторно доаѓа во Куманово, каде останува сè до пензионирањето во 1968 година.

Наставно-педагошката дејност на професорот Георгиев е мошне интензивна, разновидна и интересна.

За време на своето долгогодишно работење во сферата на образованието Благоја Георгиев своите задачи ги извршуваше многу совесно, одговорно и со љубов. Тој секогаш како голем педагог пројавуваше интерес за условите и можностите на учениците — неговите воспитаници и наоѓаше зборови да ги охрабри да истраат, и ја шираше љубовта кон историјата таа „учителка на животот".

Со својата прегорна работа професорот Георгиев оспособи илјадници свои ученици што го продолжија неговото дело и со пиетет се сеќаваат за својот драг професор.

За својата долгогодишна и плодна работа проф. Георгиев има добиено и повеќе признанија како пофалници, благодарници и друго.

Свето ИВАНОВСКИ